Дата: **11 март 2025 година**
Архивски број: 50-459/8
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, што го утврди на седницата, одржана на 11 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереник Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и<br><br>Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација |
| ПОВЕРЕНИК: | Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за медиуми

Скопје, март 2025 година

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/24, 74/24 и 218/24), се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација како и условите и постапката за доделување финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми.

Законот за медиуми се донесе на 72-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2013 година. Истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13.

Законот за медиуми од неговото донесување до денес претрпе неколку измени и дополнувања.

Усвоените амандмани се движеа од помали прилагодувања до посериозни промени. Првите амандмани датираат од јануари 2014 година, а една од промените е што се избришаа електронските публикации од членот 2, како и допрецизирање на членот 1 кој го дефинира предметот на законот. Втората значајна измена на законот е од март 2024 година, кога во законот се внесуваат три нови члена (член 28-а, член 28-б и член 28-в), кои ја дефинираат финансиската поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми (објавување на јавен повик, право на учество, определување на висина на финансиски средства кои им се доделуваат на печатените медиуми, постапка и критериуми за избор на печатени медуиуми и одобрување на барањето, состав и надлежности на Комисијата за поддршка на печатените медиуми, донесувањето одлука и склучување договори со печатените медиуми за исплата на средствата). Последната промена на Законот за медиуми е од април 2024 година, кога се врши измена на членот 28-а став 4, кој го определува процентуалниот соодност на поделбата на трошоците за печатење и трошоците за дистрибуција на печатените медиуми.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Една од главните цели на Законот за медиуми е гарантирањето на слободата на изразување и слободата на медиумите.

Целта на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми е внесувањето на онлајн медиумите-интернет портали во делот на дефиниции, каде би се набројале покрај веќе наведените „весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност“. Предвидено е онлајн медиумите во Законот за медиуми да бидат претставени под терминот „онлајн медиуми-интернет портали“.

Во делот од Законот каде се дефинира издавачот на медиум се предлага дополнување со дејноста која ја вршат онлајн медиумите-интернет портали, покрај дејностите кои ги вршат печатените медиуми и радиодифузерите. Измените и дополнувањата на Законот за медиуми ќе бидат и во насока на воспоставување

Регистар на онлајн медиуми-интернет портали, кој јасно ќе ги определи критериумите со податоците за нивно регистрирање/евидентирање.

Со донесувањето на измените на законското решение ќе се испочитуваат препораките зацртани во Патоказот за владеење на правото, кој ги опфаќа клучните реформски приоритети во „Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права“ во делот на слободата на изразување. Имплементацијата на препораките содржани во европските политики ќе овозможи зголемена транспарентност на онлајн медиумите во делот на сопственоста, рекламирањето и финансирањето, подобрување на конкурентноста, заштита на уредничката независност, подобрени права на новинарите. На овој начин, онлајн медиумите ќе ги остварат сите права, но и обврски како и сите други медиуми.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не предизвикува фискални импликации од Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за негово спроведување.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24 и 218/24), во член 2 во точката 1 по зборовите „програми на радиото и телевизијата,“ се додаваат зборовите „онлајн медиуми – интернет портали,“.

Точката 3 се менува и гласи:

„3. Издавач на медиум е правно или физичко лице кое врши профитна или непрофитна дејност на издавање на печатен медиум, емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузери) или публикување информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиуми – интернет портали.“

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„(1) Забрането е објавување, односно емитување на содржини во медиумите со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, се повикува на воена агресија или оружен конфликт или содржини чиешто ширење претставува незаконска активност, вклучувајќи и јавно поттикнување на вршење терористички дела, дела поврзани со детската порнографија и дела поврзани со расизам и ксенофобија.

(2) Забрането е објавување, односно емитување на содржини во медиумите што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост, насилство или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

(3) Посебните забрани од ставовите (1) и (2) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Член 3

Во член 5 по ставот (3) се додаваат два нови ставови (4) и (5), кои гласат:

„(4) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на публикување информативни, образовни и забавни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку профитен и непрофитен онлајн медиум – интернет портал, доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредништво во Република Северна Македонија и на свое име има регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен.

(5) По исклучок од ставот (4) од овој член, издавачите на медиуми евидентирани во Регистарот на радиодифузери како даватели на медиумски услуги за телевизиско емитување согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, можат да вршат публикување на информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиум-интернет портал без да ја впишат дејноста во Централниот регистар на Република Северна Македонија, доколку имаат седиште и уредништво во Република Северна Македонија и на свое име имаат регистрирано македонски.мк или .мкд интернет домен.“

Ставот (4) станува став (6).

По ставот (5) кој станува став (7), се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали се води во електронска форма и содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиум – интернет портал;

- име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиум – интернет портал;
- името на онлајн медиумот – интернет порталот;
- интернет адреса на онлајн медиумот-интернет порталот и
- регистрантот на македонскиот .мк или .мкд интернет домен.

Во ставот (6) кој станува став (9) зборовите „ставот (5)“ се заменуваат со зборовите „ставот (7)“.

По ставот (9) се додаваат четири нови става (10), (11), (12) и (13), кои гласат:

„(10) Издавачот на онлајн медиумот-интернет портал до надлежното регулаторно тело доставува пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.

(11) Надлежното регулаторно тело нема да го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку нема вработено најмалку три лица со полно работно време, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали доколку го нема потребниот број на вработени согласно член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(12) Надлежното регулаторно тело доставува барање за прибавување на потребните документи до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои се должни бесплатно да ги достават потребните документи во рок од пет дена од денот на поднесеното барање. По добивањето на сите потребни документи, надлежното регулаторно тело во рок од три дена од денот на комплетирањето на документацијата го впишува издавачот на онлајн медиум – интернет портал во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали.

(13) Формата и содржината на пријавата од став (10) на овој член и начинот на водење на Регистарот од став (8) на овој член ги пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

Член 4

Во член 6 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Издавач на онлајн медиум – интернет портал е должен да преземе соодветни мерки со помош на технички средства или со адекватна заштита за ограничување, како што се филтрирање на содржината, возрасна верификација или примена на други алатки за родителска контрола, за ограничување на пристапот на малолетни лица до онлајн медиуми – интернет портали кои содржат порнографска содржина или текстуална, вербална или визуелна содржина со која се глорификуваат физички, вербални или психолошки облици на садизам и насилство.“

Член 5

Во член 14 во ставот (1) зборовите „(на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија)“ се заменуваат со зборовите „(на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот)“.

Член 6

Во член 15 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Издавачите на онлајн медиуми-интернет портали се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му достават податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување;

- податоци за одговорниот уредник/уредници;

- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на издавачите на онлајн медиуми-интернет портали во претходната година од обезбедувањето на дејноста и

- податоци за вкупниот број на вработени.“.

Ставот (3) станува став (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите „ставот (1) на овој член се објавува“ се заменуваат со зборовите „ставовите (1) и (3) на овој член се објавуваат“.

Ставовите (5), (6), (7) и (8), стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

Член 7

Во член 30 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) печатен медиум со порнографска содржина на обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во член 6 став (1) од овој закон;

2) онлајн медиум-интернет портал со порнографска содржина не обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во член 6 став (3) од овој закон;

3) не именува одговорен уредник согласно член 8 став (1) од овој закон;

4) не ги објави податоците согласно член 14 од овој закон;

5) не ги достави податоците во рок и на начин утврдени во член 15 ставови (1) и (3) од овој закон или не ги објави истите согласно член 15 ставови (2) и (4) од овој закон и

6) не достави писмен извештај на начин и во рок согласно член 15 став (6) од овој закон.“.

Член 8

Подзаконски акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали ќе се воспостави во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми е систематизиран во 10 члена.

Со член 1 се дополнува дефиницијата за „Медиуми“ и се менува дефиницијата за „Издавач на медиуми“.

Со член 2 се менува член 4 заради негово усогласување со членот 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и согласно Акцискиот план за родова еднаквост 2022-2024 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027.

Со член 3, во членот 5 се додаваат седум нови ставови (4), (5) , (8), (10), (11), (12) и (13). Со ставот (4) се дефинираат условите под кои правно или физичко лице може да врши публикување информативни, образовни и забавни содржини преку комерцијален и непрофитен онлајн медиум – интернет портал, согласно измените на дефиницијата за „Издавач на медиум“.  Со ставот (5) се дефинира на кој начин можат издавачите на медиуми кои се евидентирани во Регистарот на радиодифузери како даватели на медиумски услуги за телевизиско емитување согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да вршат публикување на информативни, образовни и забавни содржини преку онлајн медиум-интернет портал. Со ставот (8) се утврдува воспоставување на Регистар на издавачи на онлајн медиум – интернет потал и  кои податоци треба да ги достават онлајн медиумите до регулаторот доколку сакаат да бидат евидентирани во Регистарот. Со ставот (10) се воспоставува Регистар на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали, а со ставовите (11) и (12) се утврдува постапката на достава на пријава и уписот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и прибавувањето на потребните документи Централниот регистар и од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Со ставот (13) се утврдуваат основот за носење на подзаконски акт на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали кој го носи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со член 4, во членот 6, кој ги дефинира обврските за обезбедување заштита на малолетни лица, се додава нов став (3), кој ги задолжува онлајн медиумите-интернет портали да преземат соодветни мерки за оневозможување пристап на малолетните лица до порнографски содржини доколку бидат објавени на нивните страници, како и содржини кои глорофицираат облици на насилство.

Со член 5, во членот 14 кој ги пропишува обврските за импресум, во заградата во ставот 1 после зборовите „ телевизиска емисија„ се додаваат зборовите „и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот“.

Со член 6 во членот 15 кој ја дефинира јавноста во работата на издавачите на медиуми, се додава нов став (3) со кој се утврдува обврската на издавачите на онлајн медиуми-интернет портали да доставуваат податоци на надлежното регулаторно тело.

Со член 7 се утврдуваат прекршочните одредби согласно измените и дополнувањата на овој закон и Законот за прекршоците.

Со член 8 се утврдува рокот за донесување на подзаконски акти.

Со член 9 се утврдува рокот за воспоставување на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.

Со член 10 се утврдува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми ќе ги евидентира онлајн медиумите-интернет порталите во дефиницијата за медиуми, преку воспоставување обврски за нивна регистрација во Регистарот на онлајн медиумите-интернет порталите кој ќе го води регулаторот, транспарентност во објавувањето на податоците кои се законски пропишани во делот за импресум, обврски во насока на заштитата на малолетната публика, како и казнени одредби доколку се прекршуваат одредби од законот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Дефиниции
Член 2

Одделни изрази, во смисла на во овој закон, го имаат следново значење:

1. Медиуми се средства за јавно информирање, односно каков било вид на комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност. Медиуми не се билтени, каталози и други форми на публикации, независно од средството за објавување, наменети исклучиво за огласување, образовниот систем или за деловна коресподенција, за работата на трговските друштва, установите, здруженијата, политичките партии, државните и судските органи, јавните претпријатија, правни лица со јавни овластувања и верските организации. За медиуми не се сметаат и весниците и билтените на образовните институции, "Службен весник на Република Северна Македонија", публикациите на единиците на локалната самоуправа, плакатите, летоците, проспектите и транспарентите;

2. Содржини на медиум (во натамошниот текст: содржини) се сите видови на информации (вести, мислења, известувања, извештаи и други информации), како и авторски дела кои се објавуваат, односно емитуваат преку медиум;

3. Издавач на медиум е физичко или правно лице кое врши дејност на издавање на печатен медиум, или емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузери);

4. Новинар е лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување и/или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавач на медиум или има склучен договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање (слободен новинар) и

5. Надлежно регулаторно тело е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Посебни забрани
Член 4

(1) Забрането е со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.

Основни услови за издавање на медиум
Член 5

(1) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на издавање на печатен медиум доколку дејноста ја впише во Трговскиот регистар или во регистарот на други правни лица што ги води Централниот регистар на Република Северна Македонија и има седиште и уредништво во Република Северна Македонија.

(2) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на емитување на радио или телевизиски програми доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредништво во Република Северна Македонија и има дозвола за радио или телевизиско емитување.

(3) Дејноста на емитување на радио или телевизиски програми од ставот (2) на овој член, како и издавањето на дозволата за радио или телевизиско емитување, подетално се уредува со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(4) Надлежното регулаторно тело води регистри на издавачи на медиуми кои ги објавува на својата веб страница, согласно со овој закон и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(5) Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот.

(6) Податоците од ставот (5) на овој член надлежното регулаторно тело ги добива од Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој е должен во рок од пет дена од денот на извршената регистрација, истите бесплатно да ги достави.

Обврска за обезбедување на заштита на малолетни лица

Член 6

(1) Печатен медиум со порнографска содржина мора да има видливо предупредување дека содржи порнографија, како и предупредување дека неговата дистрибуција, односно продажба е забранета за малолетни лица и да биде спакуван во проѕирна најлонска фолија.

(2) Заштитата на малолетните лица при емитување на радио или телевизиски програми се обезбедува на начин утврден во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Импресум

Член 14

(1) Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:

- назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,
- име на одговорното лице на издавачот на медиум,
- име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и
- назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

(2) За радиодифузери обврската од ставот (1) на овој член се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми.

(3) Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци:

- име и презиме на авторот на објавениот прилог,
- име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите,
- датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело,
- потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото,
- името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и
- името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Јавност во работата на издавачите на медиуми
Член 15

(1) Радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му доставaт податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,
- податоци за одговорниот уредник/уредници,
- податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично),
- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и
- податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

(2) Издавачите на печатен медиум се должни податоците од ставот (1) алинеја 1 на овој член да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

(3) Радиодифузерите се должни податоците од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да му ја достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето на начин пропишан од страна на надлежното регулаторно тело.

(4) Обрасците од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на надлежното регулаторно тело.

(5) Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставaт писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Северна Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува надлежното регулаторно тело.

(6) Надлежното регулаторно тело писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(7) Издавач на печатен медиум е должен на Националната и Универзитетската библиотека на Република Северна Македонија бесплатно да и доставува примерок од секој издаден број на печатен медиум.

(8) Одредбите од овој член не се однесуваат на јавниот радиодифузен сервис.

Прекршочни одредби
Член 30

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) печатен медиум со порнографска содржина не обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во членот 6 став (1) од овој закон;

2) не именува одговорен уредник (член 8 став (1));

3) не ги објави податоците согласно со членот 14 од овој закон;

4) не ги достави податоците во рок и на начин утврден во членот 15 став (1) или не ги објави истите согласно со членот 15 ставови (2) и (3) од овој закон и

5) не достави писмен извештај на начин и во рок согласно со членот 15 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец-поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.